15.04.2024

**Барање за споделување на информација поврзана со ДБУ програма за стипендии за истражувачки престој и пракса во Германија**

Почитувани,

Германската фондација за животна средина (Deutsche Bundesstiftung Umwelt) прослави 27 години од постоењето на програмата за стажирање и истражувачки престој во Германија наменета за студенти од земјите од Централна и Источна Европа.

Програмата поддржува најширок опсег на професии, под услов предлог-проектот/истражувањето да биде директно или индиректно поврзано со теми поврзани со заштита на животната средина, екологијата, одржливиот развој, климатските промени или обновливите извори на енергија. Во последно време оваа програма поддржува и проекти за дигитализација кои имаат некаква допирна точка со екологија или животна средина.

Студентите својот истражувачки престој може да го поминат во организации, фирми, институти, универзитети во Германија 6 до 12 месеци.

Програмата секоја година има 2 рока за пријавување 05 март и 05 септември.

**Повеќе информации за стипендиите има на следниот линк:**
https://www.dbu.de/en/promotion/moe-fellowship/request-promotion/

Услов за учество на програмата е студентите да имаат завршено магистерски студии.

На следниов линк се информациите за апликација Request promotion - DBU. Исто и следниов линк (Login: MOE-Fellowship | Fellowships for Central and Eastern Europe (CEE) (dbu.de)).

Се надевам дека оваа информација ќе ја проследите до заинтересирани студенти кои може да аплицираат на програмата како и до тековните докторанти што треба да имаат истражувачки престој во странство.

Исто така ви стојам на располагање доколку сакате да одржам презентација во живо или онлајн за група студенти и заинтересирани за програмата.

Со почит,
Фросина Пандурска-Драмиќанин
Координатор за Македонија за ДБУ програмата за стажирање и истражувачки престој во Германија
pandurska@mes.org.mk